Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ООУ „Нури Мазари“
SHFK „Nuri Mazari“

Бр.
Nr. 04 – 21213
29.07.2026
Делогожда-Dollogozhdë

Врз основа на член 45, став 1 и став 2 од Законот за административни службеници (Службен весник на Р. Македонија број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Службен весник на Р.С Македонија број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) и Предлогот за вработување на (1) еден извршител административен службеник по јавен оглас број 369/2026 со број 10-1468/10, со конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување на кандидати по јавен оглас број 369/2026 на Агенцијата за администрација, Директорот на ООУ „ Нури Мазари “ – с.Делогожда, Струга на ден 29.07.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас 369/2026

1. На јавниот оглас 369/2026 за вработување на административен службеник на работно место со шифра ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба (1) еден извршител, СЕ ИЗБИРА кандидатот **Ајтен Жаку со идентификациски код CB1BACA.**
2. По завршување на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука в.д Директорот на ООУ „ Нури Мазари “ – с.Делогожда, Струга донесува решение за вработување на неопределено и полно работно време.
3. Одлуката за избор се објавува на интернет страницата и на огласна табла на Агенцијата за администрација.

### Образложение

В.д Дирекоторот на ООУ „ Нури Мазари “ – с.Делогожда, Струга до Агенцијата за админстрација на ден 18.05.2026 година, поднесе барање со број 04-157/1 од 18.05.2026 година за објавување на јавен оглас за вработување на (1) еден извршител административен службеник. Врз основа на објавениот јавен оглас број 369/2026 на ден 08.06.2026 година за вработување на административен службеник за работно место ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, објавен на веб страницата на Агенција за администрација како и во дневните весници „ Нова Македонија “ „ Вечер “ и „ Лајм “, формирана е комисија за селекција за вработување по јавен оглас на Агенцијата за администрација со Решение број 10-1468/4 од 15.06.2026 година во функција на спроведување на селекција за административен службеник.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас број 369/2026 ја спроведе првата фаза од постапката за селекција за вработување – административна селекција, за што состави Записник број 10-1468/5 од 26.06.2026 година.
На ден 22.07.2026 Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас со број 369/2026 година ја спроведе втората фаза од постапката за селекција за вработување – испит за административен службеник, за што состави Записник број 10-1468/7 од 22.07.2026 година.
На ден 24.07.2026 година се спроведе третата фаза од постапката – проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, за што е составен Записник број 10-1468/8 од 24.07.2026 година.
Постапувајќи во согласност со член 42 став 7 од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас подготви конечна ранг листа од сите фази на селекција и во согласност со член 44 од Законот за административни службеници до ООУ „ Нури Мазари“ – с.Делогожда, Струга, доставен е предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас 369/2026 број 10-1468/10 од 24.07.2026 година.
Во предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 369/2026 за работно место Советник за општи и нормативно правни работи – Секретар, Одделение за нормативно правни работи, човечки ресурси и општи работи, административна служба за ООУ „ Нури Мазари “ – с.Делогожда, Струга, се предлага кандидатот Ајтен Жаку со идентификациски код CB1BACA .
Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

ПРАВА ПОУКА: Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- Избраниот кандидат
- Агенција за администрација
- Архива

ООУ „ Нури Мазари“ – с.Делогожда, Струга
в.д Директор
Каим Даути
-------------------------